РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5279/3

21-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 63-тата седница одржана на ден 15.03.2022 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 620/1 од 28.01.2020 година оформен по пријава со наводи за незаконитости во работењето на директорот на Државен испитен центар – Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите не се потврдени.

Предметот со број 12 - 620/1 од 28.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 28.01.2020 година поднесена е пријава заведена под број 12-620/1 од 28.01.2020 година со наводи за незаконитости во работењето на директорот на Државен испитен центар – Скопје со сомневања за неправилно работење и злоупотреба на службената положба на раководството на наведениот правен субјект по што е оформен предмет. Наводите се однесуваат на сомневања за неправилности во работењето на Државниот испитен центар (ДИЦ) во 2018 и 2019 година, по однос на потпишани договори за: набавка на софтвери за финансиско и благајничко рабитење; за одржување на програмски софтвер; адвокатски услуги; набавка на камери и блокатор на сигнал; сервисирање на службено возило; набавка на алуминска врата; консултантски услуги; за поправка и одржување на 13 ПП апарати; набавка на систем за електронско тестирање за испит за директори; како и сомневања за неправилности во постапки за вработување и ангажирање на надворешни соработници - обучувачи, унапредување на вработените во ДИЦ; ангажирање на надворешни лица како преведувачи и оценувачи без објавен јавен оглас, како и за неправилности при ангажирање на лица за администрирање на испитен материјал (компјутерска евиденција) за меѓународната ПИСА, ПИРЛС.

Заради проверка на наводите поврзани со вработување на нови лица, унапредување на вработените и ангажирање на надворешни лица и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара од ДИЦ да достави целосна информација со прилог документација по однос на пријавените наводи во врска со постапките за вработување и ангажирање на надворешни лица и извршените исплати од страна на директорот. По разгледувањето и анализата на доставената документација , ДКСК го констатира следново:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Постапката за вработување е реализирана по јавен оглас број 188/2019 со оглас објавен на ден 01.10.2019 година преку Агенција за администрација и согласност за обезбедени финансиски средства издадена од Министерството за финансии од 16.03.2018 година. Во постапката биле пријавени тројца кандидати, по уредна покана за полагање се јавил еден кандидат и на предлог на Комисијата за селекција за варботување по овој ЈАВЕН ОГЛАС, на ден 04.11.2019 од страна на директорот на ДИЦ била донесена одлука за избор на еден извршител за работно место Советник за издавачка дејност и лектура со која бил избран пријавениот кадидат и е склучен договор за вработување на ден 20.11.2019 година.

Постапката за унапредување на пет лица вработени во ДИЦ е реализирана по интерен оглас број 1/2019 од 28.11.2019 година објавен преку Агенција за администациja; за унапредувањата добиена е согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии од 18.11.2019 година. На огласот биле пријавени пет кандидати, формирана Комисија за селекција за унапредување по интерниот оглас, која согласно законските надлежности изготвила записник од административна селекција и од работата и дала предлог листа на кандидати за унапредување. На ден 23.12.2019 година била донесена Одлука за избор за унапредување на пријавените кандидати и на ден 26.12.2019 година истите добиле решенија за распоредување и за плата.

За постапката за избор на надворешни соработници - пет обучувачи на македонски јазик за реализирање на Програмата за обука и испит на директорти на основни и средни училишта, по еден обучувач по модул број 2, 3, 4, 5 и 6 , распишан е Конкурс за избор согласно одлука од 16.12.2019 година. Конкурсот е објавен во два дневни весници, а за изборот била формирана Комисија за избор. По извршениот избор изготвен е записник од 08.01.2020 и Извештај од 20.01.2020 со предлог листа за избор на кандидати, по што од директорот на ДИЦ била донесена одлука за избор од 23.01.2020 година.

Во однос на постапка за ангажирање на надворешни лица за извршување на работни задачи преведувачи и оценувачи по испитни материјали од меѓународната студија ПИСА 2021, од страна на директорт на ДИЦ во м. мај 2018 и 2019 година, биле донесени решенија за избор и решенија за исплата на надомест за повремени работи по кои биле извршени исплати по претходно доставени извештаи за извршената работа.

Во однос на постапката за ангажирање на надворешни лица со кои бил склучен договор за извршување на администрирање на испитен материјал (компјутерска евиденција) од меѓународната студија ТИМСС, а во која од страна на директорт на ДИЦ во м. мај 2018 година, биле донесени решенија за избор на лица одговорни за администрирање на испитен материјал од 17.05.2019 година и решение за исплата на надомест за повремени работи од 15.07.2019 година, а по кои биле извршени исплати од страна на ДИЦ и за кои биле доставени извештаи за извршената работа.

За изборот на наведените категотии надворешни соработници националниот координатор за ПИСА и ТИМСС достави образложение базирано на записник од спроведениот инспекциски надзор на терен од 04.11.2021 година за истите наводи во кое образложение е нотирано следново:

-Изборот и плаќањето на надворешни соработници за превод на материјали, оценување и администрирање во рамките на ПИСА и ТИМСС студиите кои се спроведуват од страна на ДИЦ се врши исклучиво согласно донесен и усвоен Правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците

за други услуги на ДИЦ, кој е потпишан од директорот, а донесен и усвоен од страна на Управниот одбор на ДИЦ.

-Согласно наведениот Правилник, изборот на соработници за превод на материјали, оценување и администрирање на меѓународните студии не се врши по пат на јавен оглас, туку овој процес го врши директорот на ДИЦ, кој начин се применува од постоењето на институцијата, од сите директори.

-Целокупниот материјал што се користи во рамките на меѓународната студија ПИСА и ТИМСС не смее да се употребува од страна на институцијата која е задолжена да го спроведе тестирањето додека не добие конечна согласност од ОЕЦД/ИЕА дека преводот и уредувањето се одобрени, а целата постапка (оценување на тестовите, компјутерскиот внес на испитниот материјла и сл.) се одвива под строги процедури прошишани од страна на ОЕЦД/ИЕА и под нивна стога контрола. На тој начин е постапено и за студиите ПИСА 2021 и ТИМСС 2019 студијата.

-ДИЦ бил предмет на ревизија на повеќе ревизорски државни тела и при вршењето на прегледите и не биле утврдени наоди или неусогласености за меѓународните студии за кои е одговрен ДИЦ.

Во известувањето доставено од Државниот испитен центар се известува и дека податоците за предметниот случај со детална документација и со објаснувања била доставена и до Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, при Министерството за финансии, како и до Единицата за економски и компјутерски криминал, Биро за јавна безбедност СВР-Скопје при Министерството за внатрешни работи, кои постапувале по пријави.

Со оглед на сето претходно наведено, а од причина што податоци за предметниот случај со детална документација и со објаснувања била доставена и до други надлежни органи кои постапиле и нема констатирани неправилности, ДКСК утврди дека наводите не се потврдени и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК